Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18; 143/19 и 14/20 Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 2. Сектор автобаза Автокоманда, потточка 2.3. Одделение за организационо-технички работи и евиденција, работното место со реден број и шифра 129. КДР0305Б03129 Референт за техничка документација во делот реден број и шифра зборовите „129. КДР0305Б03129“ се заменуваат со зборовите „129. КДР0305Б02259“, во делот назив на работното место зборовите „Референт за техничка документација“ се заменуваат со зборовите „Референт за организационо-технички работи и евиденција„ и во делот број на извршители зборот „2“ се заменува со зборот „1“.

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 3. Сектор автобаза Ѓорче Петров, потточка 3.3. Одделение за организационо-технички работи и евиденција, работното место со реден број и шифра 208. КДР0305Б03129 Референт за техничка документација во делот реден број и шифра зборовите „208. КДР0305Б03129“ се заменуваат со зборовите „208. КДР0305Б02259“, во делот назив на работното место зборовите „Референт за техничка документација“ се заменуваат со зборовите „Референт за организационо-технички работи и евиденција„ и во делот број на извршители зборот „2“ се заменува со зборот „1“.

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 3. Сектор автобаза Ѓорче Петров, потточка 3.3. Одделение за организационо-технички работи и евиденција, работното место со реден број 209. Евидентичар-нормирец во делот број на извршители зборовите „4“ се менуваат со зборовите „5“

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 4. Сектор за сообраќај, потточка 4.3. Одделение за оперативен контролен центар работното место со реден број 227. Референт за техничка документација во делот број на извршители зборовите „2“ се менуваат со зборовите „3“; работното место со реден број 228. Референт за обработка на податоци се брише. Се додава ново работно место под реден број „223-а Одговорен сообраќаен инженер за обработка, пресметка и анализа на податоци“ кое гласи:

| | |
|---|---|
| 4. Сектор за сообраќај | |
| 4.3. Одделение за оперативен контролен центар | |
| Реден број и шифра | 223-а. КДР0305Б01127 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Одговорен сообраќаен инженер за обработка, пресметка и анализа на податоци |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Сообраќај и транспорт |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно следење и анализа на превезени патници. |
| Работни задачи | - прати и обработува транспортна работа по возило, линија, рута и превозник;<br>- ги проверува и обработува полуобртаите кои системот ги обработил како нерегуларни врз основа на критериуми предвидени во правилникот за ОКЦ; |

| | |
|---|---|
| | - активно учествува во изготвувањето на месечните извештаи за извршена транспортна работа од страна на раководителот на ОКЦ;<br>- прави анализи за превезени патници по километар, по возило, линија, рута и превозник;<br>- изготвува работно време и планска километража за превоз по нарачка;<br>- извршува и други работни задачи врз основа на податоци од системот за АВЛ и СТС кои се во негов домен;<br>- врши работни задачи соодветни на неговото работно место по налог на претпоставениот. |
| Одговара пред | Раководител на одделение за оперативен контролен центар |

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
Директор

_____________________